**20222193176**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 67 став (9) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.32/20), министерот за транспорт и врски донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ, ПРОГРАМАТА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТОТ, ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИСПИТОТ, КАКО И НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА ИСПИТНАТА КОМИСИЈА, ЗА ПРОГРАМАТА И ИСПИТНИТЕ ПРАШАЊА И ДРУГИ АСПЕКТИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА ОБРАСЦИТЕ ЗА ИСПИТОТ И НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ПОЛОЖЕН СТРУЧЕН ИСПИТ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот за спроведување на стручниот испит од областа на урбанистичкото планирање, програмата за полагање на испитот, висината на надоместокот за трошоците за испитот, како и надоместоците за членовите на испитната комисија, за програмата и испитните прашања и други аспекти на организацијата, содржината и формата на обрасците за испитот и на уверението за положен стручен испит.

Член 2

(1) За полагање на стручниот испит од областа на урбанистичкото планирање (во понатамошниот текст: стручниот испит) кандидатот поднесува барање во електронска форма до Комората на овластени архитекти и овластени инженери (во понатамошниот текст: Комората) на електронската адреса: ispiturbanizam@komoraoai.mk.

(2) Со барањето од ставот (1) на овој член, кандидатот треба да приложи и доказ дека го исполнува условот за стекнато високо образование од член 67 став (1) од Законот за урбанистичко планирање, како и доказ дека го исполнува условот за работно искуство и соодветни професионални резултати во областа на урбанистичкото планирање од член 67 ставовите (2), (3) и (4) од Законот за урбанистичко планирање.

(3) Кандидатот кој со барањето од ставот (1) на овој член не ги приложи бараните докази од ставот (2) на овој член, нема да го полага стручниот испит, за што ќе биде известен од страна на Комисијата за полагање на стручниот испит од областа на урбанистичкото планирање (во понатамошниот текст: Комисијата) на неговата електронска адреса од која што било испратено барањето во рок од 10 дена.

(4) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Стручниот испит се полага пред Комисијата согласно Програмата за полагање на стручниот испит од областа на урбанистичкото планирање (во понатамошниот текст: Програмата) која се состои од:

1. Основи на уставниот поредок на Република Северна Македонија:
– Устав на Република Северна Македонија;
2. Прописи од областа на локалната самоуправа и сопственоста и другите стварни права:
- Закон за локалната самоуправа;
- Закон за градот Скопје;
- Закон за сопственост и други стварни права;
3. Прописи од областа на заштитата на животната средина, културното наследство, комуналните работи и други области релевантни за урбанистичкото планирање:
- Закон за животната средина;
- Закон за заштита на културното наследство;
- Закон за јавните патишта;
- Закон за земјоделско земјиште;
- Закон за водите;
- Закон за шумите;
- Закон за градежно земјиште;
- Закон за експропријација;
4. Прописи од областа на просторното планирање, урбанистичкото планирање и градењето:
- Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија;
- Закон за урбанистичко планирање;
- Закон за градење;
- Правилник за урбанистичко планирање и
- Правилник за стандарди и нормативи за проектирање.

Член 4

(1) Прописите од членот 3 од овој правилник можат да се користат од страна на кандидатите и за време на одржувањето на стручниот испит.

(2) Испитните прашања за стручниот испит ги изработува Комисијата согласно прописите од членот 3 од овој правилник и истите се достапни на веб страните на Министерството за транспорт и врски (во понатамошниот текст: Министерството) и на Комората.

Член 5

(1) Стручниот испит се полага во три сесии во месеците февруари, јуни и октомври, а за местото и времето на полагањето на стручниот испит секој кандидат добива известување на неговата електронска адреса од која што било испратено барањето, најмалку 15 дена пред денот определен за полагање на стручниот испит, при што оваа информација ќе биде објавена и на веб страните на Министерството и на Комората.
(2) Доколку испитната сесија од ставот (1) на овој член не се одржи заради оправдани причини  се закажува полагање на стручниот испит во вонредна испитна сесија, а за местото и времето на полагањето на стручниот испит секој кандидат добива известување на неговата електронска адреса од која што било испратено барањето, најмалку 30 дена пред денот определен за полагање на стручниот испит, при што оваа информација ќе биде објавена и на веб страните на Министерството и на Комората.
(3) Во случај на оправдани причини (болест или други непредвидливи околности), кои го спречуваат кандидатот во полагањето на стручниот испит, истиот може да го одложи полагањето на стручниот испит за време колку што траат попречувачките околности. Одлагањето е можно со барање поднесено до денот определен за полагање на стручниот испит, при што барањето треба да ги содржи соодветните докази за причините поради кои се одложува полагањето.

Член 6

(1) Стручниот испит го спроведува Комората, во нејзините простории.

(2) Стручниот испит се полага пред Комисијата формирана согласно член 67 став (6) од Законот за урбанистичко планирање.

Член 7

(1) Пред полагањето на стручниот испит секретарот на Комисијата го утврдува идентитетот на секој кандидат.

(2) Стручниот испит е устен, со физичко присуство на кандидатот или по електронски пат во зависност од околностите, што ќе биде наведено во известувањето за терминот за полагање на стручниот испит од член 5 ставови (1) и (2) од овој правилник.

(3) За спроведувањето на стручниот испит се води записник од страна на Комисијата.

(4) Кандидатот кој го полагал стручниот испит Комисијата го оценува со „положил“ или „не положил“, што се запишува во записникот од ставот (3) на овој член.

(5) Формата и содржината на записникот од ставот (3) на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 8

(1) Стручниот испит се состои од три дела: општ, посебен и практичен дел.

(2) Во општиот дел од стручниот испит кандидатот одговара усно на три прашања од прописите од Програмата утврдени во членот 3 точки 1, 2 и 3 од овој правилник.

(3) Во посебниот дел од стручниот испит кандидатот одговара усно на шест прашања од прописите од Програмата утврдени во членот 3 точка 4 од овој правилник.

(4) Практичниот дел од стручниот испит е одбрана на еден стручен труд од областа на урбанистичкото планирање во чиешто изработување кандидатот имал учество во својство на соработник, кој бил приложен од негова страна како професионален резултат кон барањето за полагање на стручниот испит согласно членот 2 од овој правилник.

Член 9

(1) Кандидатот одговара на девет прашања за општиот и посебниот дел од стручниот испит, а практичниот дел се смета како едно прашање.

(2) Одговорите на секое прашање на членовите на Комисијата се вреднуваат од страна на Комисијата со „задоволителен одговор“ или „незадоволителен одговор“.

(3) Секој член на Комисијата го оценува секој одговор на кандидатот со констатација дека кандидатот дал „задоволителен одговор“ или „незадоволителен одговор“, при што со мнозинство од вкупниот број на членови на Комисијата се одлучува за вкупното оценување на одговорот на секое прашање.

(4) Кандидатот го положил стручниот испит доколку мнозинството од вкупниот број на членови на Комисијата се согласило дека кандидатот дал „задоволителен одговор“ на најмалку седум прашања од општиот и посебниот дел на стручниот испит и на прашањето од практичниот дел на стручниот испит односно на вкупно осум прашања од стручниот испит.

Член 10

(1) Кандидатот што не го положил стручниот испит, но обезбедил „задоволителен одговор“ на најмалку шест прашања од трите дела на стручниот испит, може да полага поправен испит.

(2) Поправниот испит се полага во следната испитна сесија.

(3) Одредбите од членот 2 од овој правилник за пријавување за полагање на стручен испит се применуваат и на поправниот испит.

(4) Поправниот испит се одвива на ист начин како и стручниот испит.

(5) Резултатот од поправниот испит се запишува во записникот од членот 7 од овој правилник.

(6) Доколку кандидатот не го положи поправниот испит, не може повторно да полага поправен испит и се смета дека не го положил стручниот испит.

Член 11

(1) Кандидатот кој не дошол на полагање на стручниот испит, а отсуството не го најавил согласно член 5 став (3) од овој правилник, се смета дека не го положил стручниот испит.

(2) Кандидатот што се откажал од полагање во текот на стручниот испит, се смета дека не го положил стручниот испит.

(3) По исклучок од ставовите (1) и (2) на овој член, доколку на кандидатот недоаѓањето на стручниот испит или откажувањето за време на спроведувањето на стручниот испит му настанало поради оправдани причини на денот на полагањето на стручниот испит согласно член 5 став (3) од овој правилник, тие ќе бидат внесени во записникот од членот 7 од овој правилник. Комисијата може да ги уважи причините за недоаѓањето на стручниот испит или откажувањето за време на спроведувањето на стручниот испит како оправдани и да му закаже на кандидатот полагање на стручниот испит следната сесија или во првата сесија по завршувањето на оправданите причини за недоѓањето или откажувањето на кандидатот.

(4) Доколку кандидатот од ставот (3) на овој член повторно не дојде на стручниот испит или се откаже за време на стручниот испит, ќе се смета дека не го положил стручниот испит.

Член 12

Кандидатот кој не го положил стручниот испит може повторно да поднесе барање за полагање на истиот во било која следна испитна сесија.

Член 13

(1) Врз основа на записникот од членот 7 од овој правилник, кој Комората го доставува до Министерството, на кандидатот кој го положил стручниот испит му се издава уверение за положен стручен испит од областа на урбанистичкото планирање.

(2) Формата и содржината на уверението од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 14

(1) Висината на надоместокот за трошоците за стручниот испит изнесува 35% од просечната нето плата исплатена во Република Северна Македонија за тековната година.

(2) Доколку кандидатот го одложил полагањето на стручниот испит согласно членот 5 став (3) од овој правилник, а во меѓувреме надоместокот за трошоците за стручниот испит се утврди во повисок износ од оној што кандидатот го уплатил, тој треба да ја доплати само разликата во надоместокот за трошоците.

(3) Висината на надоместокот за трошоците за поправниот испит изнесува 35% од просечната нето плата исплатена во Република Северна Македонија за тековната година.

(4) За членовите на Комисијата кои учествуваат во изготвувањето на испитните прашања, како и во подготвувањето и одржувањето на стручните испити, по секоја одржана испитна сесија се исплаќа следниот надоместок:

- за членот кој е претседател на Комисијата - 50% од просечната нето плата исплатена во Република Северна Македонија за тековната година,
- за членот кој е секретар на Комисијата - 45% од просечната нето плата исплатена во Република Северна Македонија за тековната година и
- за членовите на Комисијата - 40% од просечната нето плата исплатена во Република Северна Македонија за тековната година.

Член 15

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 01-5637/1
7 октомври 2022 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Благој Бочварски,** с.р.

**ПРИЛОГ 1**

**До**

**КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ**

**БАРАЊЕ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ**
**ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ**

Од________________________________________________________

име и презиме

________________________________________________________

адреса на живеење

________________________________________________________

Единствен матичен број на граѓанинот

________________________________________________________

телефон / електронска адреса

НАПОМЕНА: Барањето се поднесува на електронската адреса: ispiturbanizam@komoraoai.mk. Кандидатот кој со барањето за полагање на стручниот испит од областа на урбанистичкото планирање не ги приложи бараните докази нема да го полага стручниот испит, за што ќе биде известен од страна на Комисијата за полагање на стручниот испит од областа на урбанистичкото планирање на неговата електронска адреса од која што било испратено барањето во рок од 10 дена.

датум　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　Потпис на барателот

____________　　　　　　　　　　　　　　　　　____________

**ПРИЛОГ 2**

## ЗАПИСНИК ОД ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме и број на барање на кандидатот | | |
| Високо образовна институција каде што кандидатот го завршил образованието | | |
| Назив на правното лице каде што кандидатот е вработен и/или правните лица каде што го стекнал професионалното искуство | | |
| Назив/и на стручниот/те трудови што се приложени кон барањето за полагање на стручен испит од областа на урбанистичкото планирање, кој/и ќе биде/ат предмет на одбрана во практичниот дел од стручниот испит од областа на урбанистичкото планирање | | |
| Датум и место на полагањето на стручниот испит од областа на урбанистичкото планирање | | |
| Поставените прашања и успехот на кандидатот на секое од нив | Општ дел – прашања | задоволителен / незадоволителен одговор |
| | | |
| | | |
| | | |
| | Посебен дел – прашања | задоволителен / незадоволителен одговор |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | Практичен дел – прашања | задоволителен / незадоволителен одговор |
| | | |
| Конечниот успех на кандидатот | положил / не положил | |
| Заклучок за одложување или откажување од стручниот испит од областа на урбанистичкото планирање | | |
| Заклучок со упатување на поправен испит | | |
| Имиња и презимиња на членовите на Комисијата за полагање на стручниот испит од областа на урбанистичкото планирање | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

**ПРИЛОГ 3**

## Република Северна Македонија
## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 67 став (8) од Законот за урбанистичко планирање, министерот за транспорт и врски издава

# УВЕРЕНИЕ ЗА ПОЛОЖЕН СТРУЧЕН ИСПИТ ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ

на

________________________________________

________________________________________

(име и презиме, место на раѓање на кандидатот)

________________________________________

(датум на полагање на стручниот испит од областа на урбанистичкото планирање)

Претседател на Комисијата
за полагање на стручниот испит од областа на
урбанистичкото планирање

**Бр.** ____________________
(регистарски број на кандидатот
во евиденцијата за лица што
го положиле стручниот испит
од областа на урбанистичкото планирање)

____________________
(име и презиме со потпис)

**М.П**

**Министер**
**за транспорт и врски**

____________________
(датум на издавање)

____________________
**(име и презиме)**